Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 12.11.2022

На 10.11.2022 во 13,30 часот во СВР Битола, било пријавено дека во атар на с. Старавина, битолско, биле пронајдени 837 стари неексплодирани бомби кои потекнувале од Првата светска војна. Пронајдените експлозивни направи биле подигнати од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошно постапување.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А. (54) од Тетово поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". Полициски службеници при контрола на комбе „мерцедес", управувано од пријавениот констатирале дека истиот врши јавен превоз на патници без лиценца.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (11.11.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 180 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволеното 14 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за управување под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за возач почетник, осум мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), една санкција за некористење сигурносен појас...

На 09.11.2022 во 11,45 часот на ул. Благоја Стефковски во Скопје, товарно моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Н.(19) од с. Арачиново, скопско удрило во С.М.(85) од Скопје. По несреќата С.М. е пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде од лекар и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 11.11.2022 во 16.15 часот во Полициска станица Центар К.Ј.(44) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк во Скопје во близина на угостителски објект бил каснат од куче скитник.

На 11.11.2022 во 16.30 часот во Полициска станица Чаир Ј.П.(46) од Скопје пријавила дека нејзиниот малолетен син на ул. Радишанска бил каснат од куче скитник.

На 11.11.2022 во 08,40 часот во Полициска станица Битола А.Ф.(72) од Битола пријавил дека неговата малолетна внука на бул. 1-ви Мај во Битола била касната од куче скитник.

Во текот на вчерашниот ден (11.11.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 191 возач. Од нив 18 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 91 возач ја пречекорил брзината во населено место, а 100 надвор од населено место.

Полициски службеници од ОВР Ресен на 11.11.2022 во атар на с.Болно на м.в.Речиште ресенско, одзеле возило „застава" без регистарски таблички, управувано од Е. К.(34) од Ресен, натоварено со огревни дабови дрва без жиг и документација и возило „шкода фелиција" без регистарски таблички, управувано од А. М. (19)од Ресен, исто така натоварено со огревни дабови дрва без жиг и документација.Од страна на вработените од ЈП„Национални шуми" е извршено мерење на дрвата, по што возилата со дрвата се одземени и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2022 во 14.40 часот, во СВР Охрид приведен е С.С.(31) од Охрид. При преглед извршен на улицата „Гоце Делчев" во Охрид, полициските службеници кај него пронашле марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.11.2022 во 07,17 часот во СВР Скопје, Б.Л вработен во Затвор Идризово пријавил дека осуденикот Џ.И.(63) од Тетово починал во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде од 29.10.2022 година бил на болничко лекување. По наредба на Јавен обвинител телото е предадено во Институтот за судска медицина-Скопје.

На 11.11.2022 во 21.00 часот во СВР Битола било пријавено дека во водите на Преспанското езеро било пронајдено телото на Р.А.(39) од с. Могила, битолско, по што од Противпожарната единица Ресен било извлечено од водата и по наредба на Јавен обвинител било пренесено во Клиничка болница-Битола за обдукција. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола.

На 11.11.2022 околу 23.30 часот било пријавено дека во угостителски објект лоциран на улицата „Коста Абраш" во Охрид, нарушен е јавниот ред и мир со физички напад извршен од М.Г. врз С.Г.(36), двајцата од Охрид. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.11.2022 околу 16.30 часот, во простории на јавно претпријатие во Струга, К.П. физички ја нападнала В.С.(62), двете од Струга. По целосно документирање на настанот, ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.

На 11.11.2022 во 15.30 часот, во ОВР Струга приведен е А.С.(45) од Драч, Република Албанија кој, непријавено престојувал на територијата на државата. Истиот, врз основа на судско решение за протерување е спроведен до граничниот премин „Кафасан".

На 11.11.2022 во 21.05 часот, Т.М.(63) од Кичево, пријавил дека неговиот малолетен внук, на улицата „Мехмед Мехмеди" во Кичево, бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.М.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес извршен по судска наредба во неговиот дом во Охрид, што привремено го користел, полициските службеници од Одделението за борба против дрога при СВР Охрид, пронашле марихуана и кокаин.

На 12.11.2022 околу 01.20 часот во Полициска станица Кочани А.А.(27) од Кочани пријавил дека пред казино во Кочани бил физички нападнат од Ј.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 околу 18,00 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека на паркинг на подрачје на Центар,Скопје едно лице со закана од К.И.(40) од Скопје одзело ташна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 во 20,10 часот во Полициска станица Карпош Е.А. (29) од Скопје пријавил дека во временскиот период од октомври 2020 година до ноември 2022 година, тој, а потоа и Е.Ш.(24), Е.И.(36) и Б.С.(38), по претходен договор во неколку наврати му дале пари на Д.А., кој се претставил како вработен во државна институција, во врска со посредување од страна на пријавениот за вадење на одобренија, при што до денот на пријавување Д.А. не им ги обезбедил бараните документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 во 13.50 часот во Полициска станица Кисела Вода е пријавено дека на подрачје на Кисела Вода по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Н.Р.(38) од една страна и Ѓ.М.(28) и Д.А.(25) од друга страна, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 во 10.00 часот во Полициска станица Гази Баба Р.С.(76) од Скопје пријавил дека на 10.11.2022 околу 08.00 часот во семејниот дом на подрачје на Гази Баба по претходна расправија тој и неговата сопруга В.С.(68) биле физички нападнати од нивниот син Г.С.(39). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 во 19.00 часот во Полициска станица Драчево С.А.(47) од Скопје пријавил дека околу 18,00 часот на подрачје на Драчево едно лице физички го нападнало употребувајќи остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санционирани се 26 возачи. Од нив, 18 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а осум надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 11.11.2022 во 21.05 часот во Полициска станица Гази Баба Е.П.(46) од с.Арачиново, скопско пријавил дека околу 10.30 часот од домот се оддалечила неговата ќерка З.П.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 12.11.2022 во 03.50 часот во Крушево од полициски службеници од СВР Битола лишен од слобода е И.Ф.(61) од Скопје, затоа што според пријавеното околу 01.00 часот во апартман во Крушево физички нападнал 40- годишна битолчанка и со остар предмет им упатувал закани на неа и нивниот малолетен син. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2022 во 14,55 часот во Полициска станица Куманово А.Ј.(38) пријавила дека на 09.11.2022 околу 21.30 часот на плоштад во Куманово била физички нападнат од троја малолетници кои ги познавала. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2022 во 04,50 часот во СВР Куманово од Противпожарната единица Куманово е пријавено дека на ул. „Октомвриска револуција" во Куманово, во близина на угостителски објект, било опожарено паркирано патничко моторно возило „бмв" со кумановски регистарски ознаки, сопственост на М.Д.(30) од Куманово, а кое било паркирано од М.И.(21) од Куманово. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Куманово. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

На 12.11.2022 во 03,30 часот во Полициско одделение Македонска Каменица Д.И.(36) од Македонска Каменица пријавила дека во угостителски објект во Македонска Каменица по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу неа и З.И. во која употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 во 20,55 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во аптека на подрачје на Аеродром, Скопје едно лице со закана од вработена одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 во 03.30 часот во Полициска станица Струмица Д.С. пријавил дека на 10.11.2022 околу 22.30 часот во с.Баница бил физички нападнат од В.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2022 во 23.00 часот во Полициска станица Велес Ѓ.Ќ.(43) од Велес пријавила дека околу 21.30 часот во парк во Велес нејзиниот малолетен син по претходна расправија бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет